Совет на Општина Кичево
бр.08-3208/2
27.12.2022 год.
Кичево

# З А П И С Н И К

**Од 16-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 27.12.2022 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 11.00 часот**

Седница ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири,а присутни беа и советниците : Камер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јаќимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутфиу, Сибел Туфекџи, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели и Виктор Алексоски и Рамазан Зулбеари, оправдано отсутна беше советничката Фортеса Сејдини. На седницата присуствувааше и градоначалникот на општината Фатмир Дехари и претставниците од општинската администрација на Општина Кичево: Анета Настеска-секретар на Општина Кичево, Валдет Селими,Бурим Кадриу, Емилија Петкоска, Лаурент Ќерими.

Претседателот го прочита предлог-дневниот ред
**<u>Предлог дневниот ред е следен:</u>**

**<u>1.</u>** Предлог за Буџет на Општина Кичево zа 2023 година
**<u>2.</u>** Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево.
**<u>3.</u>** Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за намера за користење на структурна обврзница.
**<u>4.</u>** Предлог Програма од областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2023 година.
**<u>5.</u>** Предлог Програма од областа на спортот и рекреација на Општина Кичево за 2023 година.
**<u>6.</u>** Предлог Програма и активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2023 година.
**<u>7.</u>** Годишно финансиски планови за 2023 година на институции во надлежност на Општина Кичево, и тоа :
ОСУ „Дрита“ Кичево
ОСУ „Мирко Милески“ Кичево
ОУ„Санде Штерјоски“ Кичево
ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“
ОУ „Кузман Јосифоски Питу“
ОУ„Реџо Рушит Зајази“ Зајас
ОУ„Наим Фрашери“ с Јагол Доленци
ОУ„Ѓ. К.Скендербег“ Србица
ОУ „Милто Гура Стрелци
ОУ„Фаик Коница“ Грешница
ЈОУ ДГ „Олга Мицеска“ Кичево
ОУ РУ „Крсте Мисирков“ Кичево
**<u>8.</u>** Предлог Локален акциски план на Општина Кичево и ромската заедница 2023 -2026 година.
**<u>9.</u>** Политика за интегритет на Општина Кичево
**<u>10.</u>** Извештај за работата на ЈП „Комуналец“ Кичево извештај на приходи и трошоци од 01.01.2022 до 30.09.2022 година (трет квартал) .
**<u>11.</u>** Разно

Претседателот на почетокот истакна дека е задоволен од досегашната работа на советот и честиташе на коректноста на советниците во работата и придонесот во остварување на програмите и проектите и се надева дека и во новата година ќе се продолжи со исто темпо.

Претседателот го стави на усвојување Записникот од претходната 15-та седница и запраша дали има дискусии.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по Записникот од 15-та седница истиот се усвои со 22 глас-За, нема против и нема воздржани.**

За дискусија по однос на предлог дневниот ред се пријави псоветникот Лазе Јаќимоски.
**Лазе Јаќимоски:** Имаше еден предлог за измена на редоследот во точките од дневниот ред и тоа прво да бидат програмите за што има и предлози за измени а за потоа кога тие би се донесле на ред да биде Буџетот, така би било пологично.Имаше и уште една забелешка до секретарот затоа што го нема како материјал во точката разно бараниот извештај за ангажираните работници од социјалната програма.

**Скендер Џабири:** Предлогот на советникот Лазе Јаќимоски за промена на редоследот на точките од дневниот ред го стави на усвојување и истиот не се усвои со 9 гласа-За, 12-гласа против.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по предлог дневниот ред истиот се стави на усвојување и се усвои со 13 глас-За , нема против и 9-гласа воздржани.**

**1. точка- Предлог за Буџет на Општина Кичево за 2023 година**

**Тефик Лутфиу:** Информираше дека Комисијата за финансирање и буџет ја одржала 7-ма седница на 22.12.2022 по однос на точките од 1-3 од дневниот ред на која точките се усвоиле и се доставуваат до Советот со препорака за усвојување.
**Фатмир Дехари:** Ги поздрави присутните, се заблагодари за можноста да има свое излагање пред Советот и благодарност за досегашната соработка, придонес и конструктивност и додаде дека во кратки црти ќе даде информација што е реализирано од претходниот Буџет и што содржи новиот кој е огледало на самата општина. Конкретно за предлог буџетот истакна дека е реален, склопен врз основа на потребите на граѓаните при што поминал филтер затоа што пред една недела имало јавна расправа пред околу 100 тина луѓе од кои претседатели на месни заедници , бизнис сектор, советници и други граѓани при што се икорпорирани и нивните барања и предлози што ги доставиле. Сумата на Буџетот за 2023 година е околу 17 милиони евра.Во смисла на сработеното досега ги спомена некои од поважните реализирани проекти:изградба на две спортски сали во с.Грешница и во с.Гарани, успешниот проект smart light за замена на уличното осветлување, поставување на урбана опрема на повеќе места, изградба на тротоари, изградба на капела кај новите православни гробишта во вредност од 400.000 евра, изградба на „црвена улица“ меѓу селата Грешница и Длапкин Дол, реконструкција на улиците „Ужичка“ и „Борис Кидрич“ , се почнало со реконструкција на новата административна зграда на општината во вредност од 1 милион евра, изградено е училиште во с.Црвивци од 600.000 евра, боречка сала во Долно Пашино, улица Трапчин Дол-Пашино, додека во овој Буџет веќе се обезбедени средства за реконструкција на спортската сала Јанчица во вредност од 500.000 евра, реновирање на средните училишта Мирко Милески и Дрита , реновирање на училиштето во с.Бачишта, средства за екологија во вредност од 650.000 евра, средства за технологија за балирање на отпадоци, реконструкција на улица Раим Лика од вредност од 150.000 евра и најголем проект ќе биде канализацијата од Зајас, Грешница, Строгомиште, Колибари, Длапкин Дол, Трапчин Дол, Раштани, Осој, Другово, Србјани во вредност од 16 милиони евра.Ги спомена и програмите како социјална , за млади за култура и капитални расходи за спорт, реконструкција на објекти а истот така новина

во Буџетот е подршка за атлетски клуб во вредност од 700.000 денари и подршка во организација на маратон кој би се оджал во нашата општина.

**Агим Садику:** Ги поздрави присутните и истакна дека со внимание го слушал говорот на Градоначалникот и во него видел повеќе говор за минатото отколку за предвиденото со новиот предлог Буџет.Според анализата што ја направил предлог Буџето за 2023 година е 98% сличен со претходниот со исти или слични суми по ставки и потставки со констатација за многу недефинирани ставки како на пример „други транфери“ или останати трансфери кои не се со така мали суми а не се знае за што се наменети и кој ќе ги користи овие средства од овие недефинирани ставки. Во врска со средбата или јавната расправа во врска со Буџетот што била одржана претходната недела истакна дека од тоа ништо не е вметнато во Буџетот затоа што и претходно кога го добиле предлогот како материјал по емаил и сега после таа средба и барањата што биле таму претставени и ветено од градоначалникот дека ќе влезат во Буџетот тоа не е направено и дека предлог Буџетот е ист.Единствена новина било набавка на опрема за балирање на отпад и маратонот.Ги дал своите забелешки и на комисијата во врска со намалувањето на средствата за стипендии на студенти и сумите што се предвидени за адвокатски услуги а во општината има вработено доволен број на луѓе и правници кои може да ги штитат интересите на општината повеќе од адвокатите а истите средства да се пренаменат за други потреби.На средбата на јавната расправа не бил присутен и не се претендирале измени од негова страна затоа што и така сигурно дека немало ништо да биде прифатено.Може само да се надева на правилно имплементирање.
**Фатмир Дехари:** Имаше забелешка на тоа дека советниот Агим не присуствувал на јавната расправа и нема конкретни предлози и дека споредбата со претходниот Буџет не е во ред и дека сега во новиот има и доста новини, проекти, конкретни работи за реализирање, развојни програми, пренесување на вишок приходи, а во ставките има доволно средства да се инкорпорираат и барањата што биле претставени на јавната расправа од граѓани.Еден од проектите кои заборавил да го спомне е канализацијата во с.Туин во вредност од 1 милион евра.Додека за сработеното ќе има и завршна сметка на наредните седници и ќе се види што точно е реализирано.
**Агим Садику:** Не било точно дека се инкорпорирани барањата од средбата бидејќи предлог Буџето бил ист и пред тоа а е ист и сега после средбата.Како второ за реализација на проекти ќе се зборува на наредните седници, а на средбата не зел учество затоа што не го гледал тоа за потребно, затоа што до сега во неговото место Стрелци-Гарани има многу малку инвестирано од општината и се што е направено е направено со сопствени средства од жителите таму и дека има барања и до општината на пример за досиградба на еден крак од улица и до сега не е постапено.
**Фатмир Дехари:** Немало конкретни барања иако таму се направило доста до сега, улици, патишта, водовод, осветлување речно корито и сл.
**Агим Садику:** Сето ова било направено со самоиницијатива на жителити или во претходни мандати кога имало друг градоначалник.
**Сибел Туфекџи:** Истакна свое мислење дека овој предлог Буџет е транспарентен, со предлози, програми, барања и потреби од граѓани повеќе од кога било и дека траба да се подржи.
**Валбона Адили Емини:** Би сакале да бидеме ентузијасти но не може, така било и лани за потоа да не се реализираат многу работи како на пример 100 паркови, зеленило, засадување и слично.
**Лазе Јаќимоски:** Внимателно ги следел досегашните излагања а исто така бил присутен и на јавната расправа и таму не видел присутни од владеачкото мнозинство.Претседавачот истакнал дека е задоволен од работата на советот и коректноста на советниците, да, тие биле коректни но дали добиле коректност и од спротивен правец тое е прашањето.Иако градоначалникот на јавната расправа и средба со граѓаните ветил дека ќе бидат вметнати барањата во предлогот тоа не е направено и предлог на Буџетот е ист како и претходно пред средбата. Останало само на ветување дека „ќе “ се имаат во предвид барањата.Има и неколку амандмани и сега а имало и за 2022 година кои тогаш не се прифатиле за подоцна да се искористат и вметнат во ставки.Најважно според него е во реализацијата на има приоритет.Во моментот гледа нелогичности и работа без

приоритет.На пример во училиштето Санде Штерјоски и со старата зграда од „Агрокоп“ во која учат деца со многу лоши и невозможни услови за учење некако да се реши овој проблем а барем да има ротација на ученици што учат тамо а не само одредени паралелки, во меѓувреме се трошат средства за други поневажни проекти. Слично било и со неизградба на спортска сала во К.Ј.Питу која е со голем број на ученици а во спротивно се иградиле други сали како на пример во Грешница и Стрелци..Повторно го нагласи приоритетот, бидејќи некои села немаат основни услови за живот пример патишта, водовод и сл. како на пример Свињиште, Патеец, Подвис, Иванчиште, а на пример за споредба се трошат 500.000 евра за парк во с.Зајас и само 3 милиони денари за паркови во градот Кичево.

**Фатмир Дехари:** Одговори дека во училиштето К.Ј.Питу има изградено повеќенаменско игралиште а ќе се изгради и спортската сала.Конкретно за одредени проекти се обезбедени и наменски средства кои не се буџетски.На пример жители од населба Иванидол имале барања за училиште, градинка, црква добро е заедно да се седне и да се разгледаат можностите на пример измена на урбанистички планови, имотно правни односи и слично.

**Лазе Јаќимоски:** Секогаш кога имало вакви или слични барања се барале имотно правни односи додека во меѓувреме за еден куп дивоградби низ општината нема постапки и инспекциски надзор, за некои законот важи, за некој не.Околу конструктивноста додаде дека имаат амандмани како советничка група и може да се прифатат.

**Анто Тарајаноски:** Дискусијата тргнала во политички правец а не во граѓански. Требало да се решат проблемите на граѓаните како на пример проблемот со депонија или проблемот со кучињата скитници за што советникот Лазе се заложил дека ќе разговара со градоначалникот на Општина Македонски брод и има информација дека за возврат тие барале возила од Комуналец да возат и во Македонски Брод, до каде било со таа работа.Како второ истакна дека не е дека го фали Градоначалникот но некои работи и проекти што се реализирале се за фалење , каде што не е добро сработено ќе има забелешки и кудење, имаше и еден апел за повеќе проекти во селата од западниот дел од општината.Не бил на јавната расправа затоа што не бил поканет како претседател на комисија за месни заедници, но добро е конечно ако се полне со канализација во с.Другово затоа што до сега сите обиди заминале во неповрат а биле потрошени огромен број на пари.

**Лазе Јаќимоски:** Со почит кон годините на советникот Анто одговори дека тој најмалку треба да зборува за политика.Во врска со прашањето одговори дека било остварена средба со градоначалникот на општина Македонски Брод заедно со градоначалникот на Општина Кичево каде му бил претставен проектот а тоа треба да најде локација.Имало локација но треба пренамена и не станало збор на средбата дека за возврат треба да работат возила од Кичево во Македонски Брод.Сега не било 90тите години и политиката се практикувала на поинаков начин.

**Агим Садику:** Имаше забелешка за доцнењето на проектот канализација Зајас-Другово неколку пати се пролонгира и нереализира, сега повторно постапки за тендерирање , губење време.

**Тефик Асани:** Од дебатата и излагањето на Градоначалникот јасно е дека нема популизам во планирање и во реализацијата на буџетот тоа е видено и наназад низ годините.Пример за тоа е и редовното стипендирање на ученици и студенти.

**Агим Садику:** Затоа оваа година имало намалување на средствата за стипендии од 1.200.000 денари на 1.000.000 денари.Станува збор за менаџирање.

**Арѓент Асани:** Честиташе за завршените проекти а и за предвидените за следната година, како што е и паркот во с.Зајас.Имало и амандмани на комисија од советникот Михајло од кој еден за чистење на канал Другово-Србјани се прифатил.

**Лазе Јаќимоски:** Погрешно бил разбран дека е против изградба на паркот , но разликата во сумите и приоритетот нема споредба на пример со истата сума за паркот во с.Зајас може да се изградат 10 паркови на повеќе места.

**Арѓент Асани:** Додаде дека и во селата живеет луѓе особено во с.Зајас и дека и таму се потребни инвестиции.

**Лазе Јаќимоски:** Повторно додаде дека не е против но да има приоритет за основни потреби а после и за луксуз.
**Валбона Адили Емини:** Акцент да се стави на пореални и поголеми проблеми како собирање на отпад, решавање на проблемот со кучињата особено низ круг на болница.
**Скендер Џабири:** Се премина кон разгледување на поднесени амандмани, најпрво од советникот Михајло Данилоски:
Првиот амандман се однесува на ставката изградба и реконструкција на локални патишта JD0 категорија 48. Ставка 482 подставка 482920 износот од 1.500.000 денари да се зголеми на 3.000.000 денари. И ставка АОО Совет, кат.42, ставка 423410 прехранбени продукти износот да се намали од 600.000 на 200.000 денари.
И ставка ЕА0 капитални трошоци, кат.48, ставка 480140 износот да се намали од 7.000.000 на 5.900.000 денари.Го повика предлагачот да образложи.
**Михалјо Данилоски :** Со овој амандман би се овозможиле 1.500.000 денари повеќе за изградба или реконструкција на локални патишта во с.Мидинци, Подвис, Цер, Србјани, Попоец, Пополжани, Јудово, Свињишта, Кленоец.оджување на зеленило во општината.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (8-За, 11-Против)
**Скендер Џабири:** Втор амандман; Во програма спорт и рекреација Ј70 –одржување и користење на паркови и зеленило категорија 42, ставка 424510 одржување на зелени површини износот да се зголеми од 600.000 денари на 1.050.000 денари. Во Ф-10 урб.планирање ставка 425640 изработка на просторни и урб.планови категорија 42 од 1.200.000 да се намали на 750.000 денари. Го повика предлагачот да образложи.
**Михалјо Данилоски :** Со овој амандман би се овозможиле 450.000 денари повеќе за одржување на зеленило околу станбени објекти-згради во Кичево.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (8-За, 11-Против и 3-воздржани)
**Скендер Џабири:** Трет амандман: Програма JG0, изградба на системи за водоснабдување кат.48, ставка 482730 износот 7.000.000 се заменува со 9.000.000 а во програма ЕА0 капитални трошоци на општината, кат.48, ставка 480140 износот 7.000.000 денари се заменува со 5.000.000 денари.
**Михалјо Данилоски :** Со овој амандман би се овозможиле 2.000.000 денари повеќе за изградба и реконструкција на водоводи во с.Подвис, Цер, Србјани, Попоец и Пополжани.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (8-За, 12-Против и 2-воздржани).
**Скендер Џабири:** четврт амандман: Категорија 71 даночни приходи, ставка 713 даноци на имот потставка 713311 данок на промет на надвижности, износот 20.000.000 се заменува со 24.000.000 денари а во потпрограма А00 совет, кат.46, ставка 463190 –останати трансфери до невладини организации износот 300.000 денари се заменува со 500.000 денари; во потпрограма А00 совет, кат.46, ставка 463110 –стипендии за студенти износот 1.000.000 денари се заменува со 2.000.000 денари; во потпрограма ЕАА возила и транспорт на ученици, кат.48, ставка 486110 – износот 4.000.000 денари се заменува со 5.000.000 денари; во потпрограма Ј40 јавна чистота, кат.42, ставка 425990 –договорни услуги износот 8.700.000 денари се заменува со 9.700.000 денари; во потпрограма Ј80 други комунални услуги, кат.42, ставка 425510 –ветеринарни услуги износот 1.200.000 денари се заменува со 2.000.000 денари.
**Михалјо Данилоски :** Со овој амандман со повеќето средства собрани од данок на промет би се овозможиле подобрување на чистота во градот, финанскиска состојба на студенти, стимулација на средношколци, набавка на возила за основните училишта, решавање на проблемот со кучиња скитници, подобрување на невладин сектор.

**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма, поради лимит во планирање на приходи.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (8-За, 11-Против и 3-воздржани).

**Скендер Џабири:** Се премина кон разгледување на поднесени амандмани, од советникот Абдула Сејдини:
Првиот амандман се однесува на програма изградба и реконструкција на локални патишта R10 категорија субвенции и трансфери исносот од 3.400.000 денари да се зголеми на 4.400.000 денари. И програма ЕАО , кат.48, ставка 480140 износот да се намали од 7.000.000 на 6.000.000 денари.
**Абдула Сејдини :** Со овој амандман би се овозможиле 1.000.000 денари повеќе за субвенции за инвертери.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма во моментот.Откако ќе заврши тендерирањето за компјутерска опрема доколку останат средства би можело да се разговара за ова.
**Фатмир Дехари:** Вреди да се земе во предвид но подоцна можеби со ребаланс.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (9-За, 11-Против и 1-глас-воздржан).
**Скендер Џабири:** Втор амандман; Во В10 – категорија 42, ставка 421 комунални услуги износот да се зголеми од 0 денари на 1.000.000 денари. Во Ј70 ставка 424590 од 1.000.000 да се намали на 0 денари. Го повика предлагачот да образложи.
**Абдула Сејдини :** Со овој амандман би се овозможиле 1.000.000 денари за фотоволтаици на објектот на градинката.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма.А во меѓувреме на два од трите објекти на градинката се има во план да има поставување на фотоволтаици.
**Фатмир Дехари:** Може да се повле овој амандман бидејќи секако се предвидува поставување на фотоволтаиции на два објекти од градинката.
**Абдула Сејдини:** Дали има гаранции за тоа?
**Фатмир Дехари:** Да, а освен за градинката предвидено е и поставување на фотоволтаици и на 6 училишта.
**Абдула Сејдини:** Ако е ова јавно ветување тогаш го повлекува амандманот.
**Скендер Џабири:** Трет амандман: Програма ЈМА, кат.48, износот 3.000.000 се заменува со 5.000.000 а во програма К40 , кат.46, ставка 464990 – други трансфери износот 2.000.000 денари се заменува со 0 денари.
**Абдула Сејдини :** Со ова би се добиле повеќе средства за паркови и одржување.
**Бурим Кадриу:** Амандманот не може да се прифати во ваква форма бидејќи има три годишен развоен план од 9 милиони денари.
**Абдула Сејдини:** Развојниот план ја опфаќал и 2022 година но што било од тоа реализирано?
**Фатмир Дехари:** Се реализирал но не целосно, имало некои доцнења на проекти , урбанистички планови и слично.
**Скендер Џабири:** Амандманот беше ставен на усвојување и истиот не се усвои со (9-За, 11-Против и 2-воздржани).

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по првата точка-** Предлог за Буџет на Општина Кичево за 2023 година **се усвои со 13 гласа ЗА, 0 гласа против и 9 гласа воздржани.**

**2.ТОЧКА – Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево.**

**Бурим Кадриу:** Во образложението на точката се осврна на начинот на реализација на Буџетот и што точно содржи одлуката, како на пример коефициенот на бодот за плата на вработените,

начини на исплата во основните и средните училишта, службени патувања , резерви и сето тоа е направено врз основа на Закон за извршување на Буџетите.
**Агим Садику:** Се надевал дека ќе бидат почитувани законските процедури.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по втората точка- Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево се усвои со 15 гласа ЗА, 0 гласа-против и 6 гласа воздржан.**

**3.ТОЧКА -** Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за намера за користење на структурна обврзница.

**Бурим Кадриу:** Истакна дека минатата седница се усвоила одлука за намера за користење на структурна обврзница, но сега истата треба да се промени поради фактот што во неа не може да влезат долговите на училиштата бидејќи истите долгови тие сами ги пријавиле и не може сега општина преку ваква обврзница да ги исплати, такви биле насоките од министерството за финансии.
**Агим Садику:** Се дискутирало и на комисија за ова и тој е против и тука имало една дилема и затоа тој бил против, а тоа е немањето на извештај и одговорност за лица кои управувале со училиштата и за што направиле толку долгови кои не се мали, плус тука се каматите и сега треба двојно или тројно да се плаќа.. Со оваа обврзница само би се рекло дека немаме повеќе долгови, а во спротивно долгот повторно ќе стои и ќе се плаќа со камата, дали е ова во корист на институцијата или граѓаните? Дали има информација колку ќе биде каматата и дали земање на ваква обврзница значи и финансиска нестабилност на општината, реално се гласа одлуката а незнаеме што гласаме.Рок за враќање е 10 години, ќе дојде и друга гарнитура на градоначалник и советници како тие ќе се носат со овој долг кој ќе го наследат?
**Бурим Кадриу:** Ова е нова можност што ја нуди измената за Законот за финансирање со многу поповолни услови, односно камати отколку што било порано со евентуално земање на кредит од банки.Општината нема потреба да објави финанскиска нестабилност за да користи ваква обврзница.Каматата некаде би била околу 3% а годишно да се вратат околу 6.500.000 денари а месечно 541.000 денари што не е голем товар за општината.
**Агим Садику:** Проблемот е зошто се настанати овие долгови и нарушени права и обврски од договорите?
**Бурим Кадриу:** Секоја институција има пристап за пријавување на долгови, месечно и годишно, училиштата сами пријавиле во рокот до 30.09.2021 година и затоа што сами пријавиле а не преку општина сега не може општината да го превземе долгот и да го исплати преку оваа структурна обврзница и затоа треба да има измена и да се намалат средствата што ги должат училиштата и во одлуката да остане само долгот на општината..
**Агим Садику:** Одлуката и минатиот пат и сега ќе се донесе без информации и без точни бројки за камати и без да има извештај детален за настанатите долгови.
**Бурим Кадриу:** Можноста е според измената на Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа и членот 41б.Врз основа на наше барање Министерството за финансии ќе ко утврди бонитетот на општината и ќе даде конечна одлука дали може да се користи ваква обврзница.
**Агим Садику:** Како се знае придобивката кога не се знаат ниту каматата ниту другите услови?
**Лазе Јаќимоски:** Дали има измена на основниот закон за финансирање на општините затоа што во основниот закон поинаку е членот 41Б?
**Бурим Кадриу:** Во измена од месец август.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по третата точка-** Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за намера за користење на структурна обврзница **се усвои со 12 гласа, ЗА, 8 гласа против и 2 гласа воздржани.**

**4.Точка- Предлог Програма од обласа на социјалната заштита и заштита на децата за 2023 година.**

**<u>Бурим Кадриу:</u>** Објасни дека се работи за социјална програма која ќе опфаќа повеќе активности како на пример центар за дневен престој на бездомници, кујна со капацитет, надоместок за прво родено бебе во годината, помош при елементарни непогоди, помош на лица од социјален ризик, семејно насилство, градежни материјали, англиски и компјутери за лица од ромска националност и слично.
**<u>Михајло Данилоски:</u>** Има доставено предлог за измени на програмата и тоа:
Во точка 2 Активности да се додаде Доделување на финансиски средства за секое првоче на територија на Општина Кичево.Ова ќе обезбеди помош на семејствата во купување на школски материјали и прибор со почетокот на учебната година.
**<u>Бурим Кадриу:</u>** Одговори дека за оваа намена неможат да се обезбедат средства.
Предлогот на советникот Михајло Данилоски беше ставен на усвојување и **<u>не се усвои</u>** со 10-гласа-ЗА, 11 гласа против и 1 глас воздржан.
**<u>Валбона Адили Емини:</u>** Имаше прашање дали има финанскиска подршка за сите прворoдени деца во текот на целата година или само за првото родено дете во годината?
**<u>Бурим Кадриу:</u>** Одговори дека се однесува само за првото родено дете во годината.
**<u>Лазе Јаќимоски:</u>** И тој помислил дека е за сите новородени деца , но погрешно разбрал, а добро би било да има средства за секое новороденче во текот на цела година како и помош за првачиња но очигледно се нема слух за тоа.

**<u>Бидејќи немаше повеќе дискусии по четвртата точка-</u> Предлог Програмата од обласа на социјалната заштита и заштита на децата за 2023 година <u>се усвои со 12 гласа ЗА, нема против и 10 гласа воздржани.</u>**

**<u>5.ТОЧКА -</u> Предлог Програма од обласа на спортот и рекреација на Општина Кичево за 2023 година.**
**<u>Виктор Алексоски:</u>** Како претседател на комисијата за спорт и млади информираше дека иако имало закажано седница на комисијата таа не се одржала поради немање на кворум, па така оваа програма се допушта директно до советот на разгледување.
**<u>Валдет Селими:</u>** Ја објасни во кратки црти програмата и додаде дека е слична како претходната година , со евентулано покачување на сумата за подршка на фудбалските клубови доколку некој од нив што сега се натпреваруваат во трета фудбалска лига успее да се пласира во втора лига, бидејќи за екипи што се натпреваруваат во повисок ранг на натпреварување средствата се поголеми.
**<u>Абдула Сејдини:</u>** Дали тоа значи дека ќе има повеќе средства само за еден клуб?
**<u>Валдет Селими:</u>** Тоа е условено, доколку некоја од трите фудбалски екипи што се во трета лига успее на крај од сезона да влезе во втора таа би користела повеќе средства бидејќи од есен би се натпреварувала во повисок ранг-втора лига.
**<u>Валбона Адили Емини:</u>** Имаше прашање дали има разлика во рангот на натпреварувања и сумите кај различни спортови?
**<u>Валдет Селими:</u>** Одговори дека независно од спортот клубовите што се во повисок ранг ќе имаат повеќе средства за користење.

**<u>Бидејќи немаше повеќе дискусии по петата точка-</u> Предлог Програма од обласа на спортот и рекреација на Општина Кичево за 2023 година <u>се усвои со 22 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.</u>**

**<u>6.ТОЧКА -</u>** Предлог Програма и активности во обласа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2023 година.

**<u>Рамазан Зулбеари:</u>** Како претседател на комисијата за животна средина информираше дека се одржала седница на комисијата на 26.12.2022 при што имало два предлози за измена од кои

прввиот за чистење на канали во с.Другово и с.Србјани се усвоил со 4 гласа за и се предлага на советот да го усвои, додека за вториот предлог за измена имало 4 гласа воздржани .
**Емилија Петкоска:** Накратко ја објасни содржината на програмата која се однесува на : чистење на диви депонии, засадување на дрвца, уредување на кружни текови, чистење на речни корита, редовно миење на улици, субвенции за набавка на инвертер клима уреди, зголемување на свеста кај населението и слично.
**Абдула Сејдини:** Програмата била слична како и 2022 година, имаше прашање зошто е намалена сумата од 3 милиони на 2 милиони денари за чистење на диви депонии оваа година во споредба со лани?
**Емилија Петкоска:** Бидејќи од оваа година ќе се почне со проектот за балирање и завиткување на отпад и со тоа се планира да се намали работата во чистење на диви депонии.
**Абдула Сејдини:** Имаше уште едно прашање во врска со чистењето на канали , дали е исчистен каналот во с.Црвивци?
**Емилија Петкоска:** Одговори дека е чистен каналот а дополнително ќе го извести советникот кога точно се случило тоа.
**Михајло Данилоски:** Ги претстави предлозите за измена на програмата и тоа:
Прво: Во точка 4 од програмата да се додаде и чистење на канали во населени места Другово и Србјани.
**Скендер Џабири:** со 22 гласа За, нема против и нема воздржани **се прифати** оваа измена.
**Михајло Данилоски:** Второ: во точка 6 да се додаде план со точно утврдени улици и време на миење во тек на летниот период од страна на извршителот на активностите во урбаните и руралните средини.Со ова би се овозможило спречување на загадување особено во Осломејшкиот регион и околу електраната а и во руралните средини каде шти исто така има потреба од миење на улици поради земјоделство и сточарство.
**Емилија Петкоска:** Одговори дека ТЕЦ Осломеј со самата дозвола за работа се задолжени да мијат улици, додека миењето на улици во руралните средини до сега не се практикувало.
**Михајло Данилоски:** Ако до сега не се миело еве можност да се прифати оваа измена и да се почне со миење и таму во руралните средини.
**Скендер Џабири:** Предлогот за измена беше ставен на усвојување и овој предлог **не се усвои** со 10 гласа –За, 11 гласа против, и нема воздржани.
**Валентина Лазаревска:** Имаше неколку прашања до претставникот и тоа дали има план за аерозагадување и дали има надзор над работењето на правни субјекти и дали има катастар на загадувачи?
**Емилија Петкоска:** Одговори дека има катастар на загадувачи а исто така има и План за активности во врска со аерозагадување со идентификација на ПМ 10 честички, а исто така има и редовен инспекциски надзор и контрола.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по шестата точка - Предлог Програма и активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2023 година се усвои, со 22 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**7.ТОЧКА -** Годишно финансиски планови за 2023 година на институции во надлежност на Општина Кичево, и тоа :

ОСУ „Дрита“ Кичево
ОСУ „Мирко Милески“ Кичево
ОУ„Санде Штерјоски“ Кичево
ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“
ОУ „Кузман Јосифоски Питу“
ОУ„Реџо Рушит Зајази“ Зајас
ОУ„Наим Фрашери“ с Јагол Доленци
ОУ„Ѓ. К.Скендербег“ Србица
ОУ „Милто Гура Стрелци
ОУ„Фаик Коница“ Грешница
ЈОУ ДГ „Олга Мицеска“ Кичево
ОУ РУ „Крсте Мисирков“ Кичево

**Скендер Џабири:** Во интерес на времето и во согласност со сите советници предложи доколку има конкретни прашања до одредени директори на училишта да се поставуваат а подоцна во пакет да се усвојат сите финансиски планови.
**Валентина Лазаревска:** Како вработена во училиштето К.Ј.Питу побара да биде иземена од гласање.
**Лазе Јаќимоски:** Имаше прашање односно предлог до директорот на ОУ Санде Штерјоски а тоа е истото што го споменал на почетокот да учениците и паралелките кои учат во старата зграда на Агрокоп се ротираат бидејќи таму се катастрофални условите за учење.
**Директор ОУ Санде Штерјоски:** Одговори дека во минатото кога имало слободни училници во објектот во Пашино имало можност учениците што учат во зградата од Агрокоп да одат таму, но имало петиција од родителите кои се противеле на тоа и затоа продолжиле во старата зграда.Додаде дека таму учат ученици од 5-то и 6-то одделение и тоа е две години.Имало и инспекција за условите каде што било констатирано дека има услови за работа и учење и може да се види и записникот за тоа.Во меѓувреме следната година ќе има проект за нов крак на централното училиште каде што ќе се изградат уште 9 училници.
**Абдула Сејдини:** Имаше две прашања едно до директорката на ОУ Фаик Коница дали ќе се почне со реконструкција на училиштето во с.Бачишта и едно до директорот на Градинката бидејќи ветил и Градоначалникот претходно дали има можност за поставување на фотоволтаици на објектите и како е финансиската состојба и работа на градинката?
**Директорка ОУ Фаик Коница:** Одговори дека ќе се почне со реконструкција со почетокот на второто полугодие и сега се во комуникација на кој начин ќе учат учениците од с.Бачишта кои ќе се транспортираат во с.Грешница.
**Садик Ахмеди директор градинка Олга Мицеска:** Одговори дека градинката функционира нормално без блокирана сметка и со редовни и тековни активности одржување, греење, храна, плати за вработени, додека цените за престој на децата се исти и не се зголемени.Ќе се превземат и напори и за изготвување на проект за поставување на фотоволтаици.
**Михајло Данилоски:** Имаше прашање до директорот на ОУ Христо Узунов во врска со превозот на ученици до училиштето од повеќе населени места.
**Директорка ОУ Христо Узунов:** Превозот се регулирал со помош на општината и возилото „шаран“ од селата Цер, Козица и Брждани, но секако дека треба и други мерки да се превземат или друго возило затоа што комбето што се користи од училиштето е веќе дотраено и многу средства се реализираат за негови поправки.
**Дренуште Далипи:** Имаше прашање до директорот на ОУ Санде Штерјоски дали има можност за воведување во ова училиште на целодневен престој на ученици?
**Директор ОУ Санде Штерјоски:** Одговори дека за сега нема можности за воведување на дневен престој ниту во постоечките објекти ниту во доградбата на кракот што се планира да се изгради следната година.За тука се предвидени само 9 училници со ходник и тоалети.
**Валбона Адили Емини:** За целодневен престој треба и многу повеќе услови од само простор, потребно е менза, едукација, кревети, храна и слично.
**Дренуше Далипи:** Направи споредба како функционира дневниот престој во ОУ Владимир Полежиноски.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по седмата точка -** Годишно финансиските планови за 2023 година на институции во надлежност на Општина Кичево, и тоа :

ОСУ „Дрита“ Кичево
ОСУ „Мирко Милески“ Кичево
ОУ„Санде Штерјоски“ Кичево
ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“
ОУ „Кузман Јосифоски Питу“
ОУ„Реџо Рушит Зајази“ Зајас
ОУ„Наим Фрашери“ с Јагол Доленци

ОУ„Ѓ. К.Скендербег“ Србица
ОУ „Милто Гура Стрелци
ОУ„Фаик Коница“ Грешница
ЈОУ ДГ „Олга Мицеска“ Кичево
ОУ РУ „Крсте Мисирков“ Кичево
**се усвоија, со гласа 21 ЗА, нема против и нема воздржани.**

**8.ТОЧКА - Предлог Локален акциски план на Општина Кичево и ромската заедница 2023 -2026 година.**

**Лаурент Ќерими:** Во кратки црти го објасни акцискиот план кој ќе го подобри живеењето на ромската заедница во општината преку најразлични активности и проекти предвидени во него.
**Абдула Сејдини:** Имаше прашање дали се знае бројот на ученици од ромска етничка припадност?
**Лаурент Ќерими:** Ова е прашање за секторот за образование.
**Валбона Адили Емини:** Што се случува со родителите кои децата роми не ги запишуваат во училиште?
**Лаурент Ќерими:** Одговори дека во соработка со некои ромски невладини организации се работи на тоа да се детектираат вакви случаи.
**Лазе Јаќимоски:** Овој план содржел проекти кои не било возможно да се реализираат бидејќи во тие ромски населби нема урбанизација, многу диоградби а се содржи асфалтирање на улици, водоснабдување, канализација?
**Лаурент Ќерими:** Овие биле барањата од граѓаните кои преку организацијата „Ромалитико“ се преточени во овој акциски план.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по осмата точка - Предлог Локалниот акциски план на Општина Кичево и ромската заедница 2023 -2026 година се усвои, со 22 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**9.ТОЧКА -** Политика за интегритет на Општина Кичево

**Анета Настеска:** Во поглед на поширокото истражување околу транспарентноста и корупцијата на општинската администрација, Советот и Градоначалникот со оваа политика на интегритет се предвидува назначување на лице кај кого анонимно ќе се пријавува евентуално коруптивно однесување кај некои вработени или функционери од општина или Совет.
**Бидејќи немаше повеќе дискусии по деветата точка - Политика за интегритет на Општина Кичево се усвои, со 22 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**10.ТОЧКА -** Извештај за работата на ЈП „Комуналец“ Кичево извештај на приходи и трошоци од 01.01.2022 до 30.09.2022 година (трет квартал) .

**Ардит Рамадани:** Во кратки црти објасни дека во овој трет квартал имало зголемување на приходите од самофинансирање поради доаѓањето на странците во летниот период, доддека поголем процент од расходите биле за плати околу 56%, други материјални расходи, амортизација и слично.
**Агим Садику:** Имаше прашање околу долговите, нереализирани кои се резултат на лошо управување како и нематеријалните расходи како адвокатски, нотарски услуги, судските спорови и наплаќања од граѓаните на тој начин по судски пат, дали е тоа единствен начин и не е товар за граѓаните?Сето тоа е резултат на лошо менаџирање.
**Ардит Рамадани:** Собирањето на долгови и реализација преку извршител е последна фаза, бидејќи правилото и обврската за плаќање не се почитува од корисниците.

**Агим Садику:** Секако дека треба да се плаќа но повторно напомена дека ова е резултат на недомаќинското работење на претпријатието.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по десетата точка -** Извештајот за работата на ЈП „Комуналец“ Кичево извештај на приходи и трошоци од 01.01.2022 до 30.09.2022 година (трет квартал) **се усвои, со 13 гласа ЗА, нема против и 8 гласа воздржани.**

**11.ТОЧКА-Разно**

**Игор Стојаноски:** Имаше две забелешки кои ги претстави, како прво даде забелешка за преводот на некои од бараните извештаи кои се доставени кои се направени крајно непрофесионално со измешани јазици, букви, фонтови, предложи да се ангажираат преведувачи или да се вработат ако има потреба кои професионално ќе ја извршуваат оваа работа.Како второ имаше забелешка во однос на повикот за помош на бизниси со констатација дека искористиле средства некои луѓе кои се занимаваат со друга професија а апликацијата била за сосема нешто друго, како на пример лица што ги познава Горан Фиданоски од електро струка користи средства за канцеларија за сметководсвто, Иван Настески-физиотерапевт користи средства за кафиќ и слично.Во иднина комисиите да земаат во предвид вакви случаи.
**Скендер Џабири:** Истакна дека се согласува со констатацијата.
**Лазе Јаќимоски:** Истакна дека во материјалите под точката разно не е доставен бараниот извештај за ангажирањето на работници преку социјална програма?
**Анета Настеска:** Одговори дека побарала да се изготви извештај и го имала но тој содржел лични податоци и информации за лицата , како матични броеви, адреси па така се одлучило да не се достави во таков формат.А ангажирани биле 60 лица од 66 апликации и се распределени на работни задачи преку ЈП Комуналец.
**Лаза Јаќимоски:** Не било проблем само требало имиња да се достават без другите податоци затоа што има информации дека од тие 60 лица работат замо 5-6 лица а другите се само на список за земање на плата.
**Агим Садику:** Имаше прашање во врска со извештајот од МВР?
**Скендер Џабири:** Одговори дека неколку пати се известени дека треба да се преведе и на албански јазик но тоа сеуште не е направено.
**Агим Садику:** Побара да има извештај за дадените грантови и субвенции на фирмите кои искористиле средства од Буџетот и контрола дали тие функционираат во својата работа како што треба
**Анета Настеска:** Одговори дека фирмите се должни во рокот од две години да доставуваат редовно тековни сметки со што се утврдува нивното работење.
**Валбона Адили Емини:** Имаше прашање во врска со украсувањето на градот за нова година, зошто тоа не се прави?
**Анета Настеска:** Одговори дека тоа е поради заштеда.
**Игор Стојаноски:** На сајтот и на социјалните мрежи се ширел настан на кој пишува дека е организатор општината, за што станувало збор бидејќи настанот е рекламиран само на еден јазик?
**Скендер Џабири:** Се работело за средба на Градоначалникот со печалбарите.
**Игор Стојаноски:** Имаше констатација дека печалбари има и од сите други националности и дека сите исто придонесуваат како финансиска инекција за општината и дека за сите треба да биде средбата доколку е организатор самата општина.

**Бидејќи немаше повеќе пријавено за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори шеснаесетата седница на Советот на Општина Кичево во 17.35 часот.**

Записникот го водел ;
-Димче Миловски.

Совет на Општина Кичево
Претседател,
Скендер Џабири